# ГОДИШНА ПРОГРАМА
# ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА 2010 ГОДИНА

**Скопје, ноември 2010 година**

Врз основа на член 9, точка 2 од Законот за државната ревизија („Сл.весник на РМ“ бр. 66/10 и 145/10) и член 17 и член 18 од Правилникот за внатрешна организација и работа на Државниот завод за ревизија, главниот државен ревизор донесе,

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## за измена и дополнување на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2010 година

1. Во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2010 година, број 0102-812/1 од 22.12.2009 година, се врши изменување и дополнување и тоа:

   Во Прилог 1 се вршат и следните измени и дополнувања: ревизијата

| Интерна класификација | Ред. бр. во Програмата | Ред. Бр. во класата | О П И С | Општина | Број на извештаи |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | 8 | 7 | Министерство за здравство - Сметка за средства од заем на Владата на Република Италија - II транша | Скопје | 1 |

**се брише**, а по насловот „Тематските ревизии“ се врши **дополнување**:

**Список на ревизии на усогласеност**

| Интерна класификација | Ред. бр. во Програмата | Ред. Бр. во класата | О П И С | Општина | Број на извештаи |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | 82 | 1 | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување - Ревизија на усогласеност на остварување на правото за старосна и семејна пензија | Скопје | 1 |

и

**Список на ИТ ревизии**

| Интерна класификација | Ред. бр. во Програмата | Ред. Бр. во класата | О П И С | Општина | Број на извештаи |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | 83 | 1 | Функционирање на Заедничкиот информационен центар во делот на: Воспоставување континуитет и достапност на услугата | Скопје | 1 |

Составен дел на Годишната програма за измени и дополнувања на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2010 година се: Прилог 1 (Пречистен текст) и Прилог 2 (Пречистен текст).

2. Согласно измените и дополнувањата на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2010 година , Државниот завод за ревизија ќе реализира 78 ревизии на финансиски извештаи и ревизии на усогласеност, 1 ревизија на усогласеност/ регуларност, 1 ИТ ревизија, 3 ревизии на ревизорски ангажмани со посебна намена / тематски ревизии и 4 ревизии на успешност.

3. Измените и дополнувањата од точка 1, соодветно се применуваат и на Прегледите на правните субјекти содржани во Акциониот план за работа на Државниот завод за ревизија за 2010 година

4. Годишната програма за измени и дополнувања на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2010 година стапува во сила со денот на донесувањето.

**Број 01-654/1** **Главен државен ревизор,**

**Скопје, 09 .12 .2010 година** **Тања Таневска**